СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**20.11.2007**<br>**БРОЈ 13 ГОДИНА 42** | |


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Заклучок за измена на ГУП | 2 |
| 2. | Одлука за усвојување на Извештајот на Одделението за комунален развој и сообраќај за реализација на Програмата за инвестиции и одржување за периодот од 01.01.2007 год.- 30.09.2007 год. | 3 |
| 3. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за I, II и III квартал од 2007 година. | 4 |
| 4. | Заклучок | 4 |
| 5. | Одлука за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Охрид трет квартал за буџетска 2007 год. | 5 |
| 6. | Одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид во периодот од 01.07.2007 год. до 30.09.2007 год. | 6 |
| 7. | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на МЈП „Проаква“ – Струга од 01.01.2007 год. до 30.09.2007 год. | 7 |
| 8. | Одлука за усвојување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 год. | 7 |
| 9. | Оперативна Програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 год. | 8 |
| 10. | Правила за работа на облиците на месна самоуправа на општина Охрид | 14 |
| 11. | Заклучок | 23 |
| 12. | Одлука за дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори | 24 |
| 13. | Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во основните училишта во општина Охрид | 24 |
| 14. | Одлука за усвојување на Декларацијата „Не за генетски инжинеринг во нашите полиња“ | 28 |
| 15. | Одлука за утврдување на висината на надоместокот при склучување граѓански бракови | 29 |
| 16. | Заклучок | 30 |
| 17. | Одлука за донесување на Буџетски календар | 30 |
| 18. | Буџетски календар | 31 |
| 19. | Одлука за утврдување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште на општина Охрид (пречистен текст) | 32 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на заклучокот**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/3**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Се задолжува општинската администрација да изготви стручна анализа на ГУП за Охрид во согласност со член 28 од Законот за просторно и урбанистичко („Сл. весник на РМ“ бр.51/05), и врз основа на таа анализа да се пристапи кон негово изменување и дополнување.

**Број 07- 2348/3**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**За прогласување на Одлуката за усвојување на Извештајот на Одделението за комунален развој и сообраќај за реализација на Програмата за инвестиции и одржување за периодот од 01.01.2007 год. до 30.09.2007 год**.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на извештајот на Одделението за комунален развој и сообраќај за реализација на Програмата за инвестиции и одржување за периодот од 01.01.2007 год. до 30.09.2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/4**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Извештајот на Одделението за комунален развој и сообраќај за реализација на Програмата за инвестиции и одржување за периодот од 01.01.2007 год. до 30.09.2007 год**.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА,** Извештајот на Одделението за комунален развој и сообраќај за реализација на Програмата за инвестиции и одржување за периодот од 01.01.2007 год. до 30.09.2007 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Извештајот на Одделението за комунален развој и сообраќај за реализација на Програмата за инвестиции и одржување за периодот од 01.01.2007 год. до 30.09.2007 год.

.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2348/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2007 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за I, II и III квартал од 2007 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за I, II, и III квартал од 2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/ 5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2007 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за I,II и III квартал од 2007 година.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за I, II и III квартал од 2007 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 07-2348/5**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на Заклучокот**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/5-1**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1.Се задолжува градоначалникот на општина Охрид да воведе принцип на брза и ефикасна постапка во административниот орган при утврдување на услови за повикување на тендери.

-Брза изработка на ажурирани , геодетски и друг вид на подлоги.

-Брза и ефикасна соработка со државните органи што партиципираат во донесувањето на урбанистичките планови

2. Градоначалникот да воведе принцип на урбанизација што ќе води во порамномерен развој на градот и општина Охрид.

**Број 07- 2348/5-1**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Охрид трет квартал за буџетска 2007 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Охрид трет квартал за буџетска 2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/ 6**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Охрид трет квартал за буџетска 2007 год.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за извршување на буџетот на општина Охрид за трет квартал за буџетска 2007 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2348/6**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид во периодот од 01.07.2007 год. до 30.09.2007 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид во периодот од 01.07.2007 год. до

30.09.2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/7**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид во периодот од 01.07.2007 год. до 30.09.2007 год.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец“-Охрид во периодот од 01.07.2007 год. до 30.09.2007 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2348/7**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на МЈП „Проаква“ – Струга од 01.01.2007 год. до 30.09.2007 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на МЈП „ Проаква“ –Струга од 01.01.2007 год. до 30.09.2007 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/ 8**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Извештајот за работењето на МЈП „Проаква“ – Струга од 01.01.2007 год. до 30.09.2007 год.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на МЈП „ Проаква“ – Струга од 01.01.2007 год. до 30.09.2007 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2348/8**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/9**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 07-2348/9**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

**ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА**
**За организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година**

**Вовед**

Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година е изготвена согласно Законот за безбедност на сообраќајот и патиштата и потребата за отстранување на снегот и головразиците.

Одржувањето на коловозните површини и нивното оспособување на нормален сообраќај во зимски услови претставува важна потреба на граѓаните и стопанството, бидејќи можни се нарушувања и прекин на нормалното одржување на сообраќајот во градот, особено при изненадувањата од временските услови, а посебно важно е соодветно извршена подготовка на надлежните субјекти како и редовно следење на метеоролошките услови на интернет страниците со цел навремено почнување на активностите за чистење на снегот.

За целосно спроведување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година покрај горенаведените подготовки треба да се обезбеди добра соработка со Секторот за сообраќај при СВР Охрид и Секцијата на Македонија пат Охрид со цел заеднички да се одговори на потребите во дадените услови.

Исто така, граѓаните и другите правни лица мора да го почитуваат комуналниот ред односно да ги чистат тротоарите и коловозите пред своите куќи односно деловни објекти, како и со своите возила да не го попречуваат движењето на сообраќајот, во овој случај движењето на специјалните возила за чистење снег. Само со меѓусебна координација и навремено извршување на своите задачи на сите гореспоменати субјекти ќе се постигне ефект во отстранувањето на снегот од коловозите и тротоарите, а со тоа и нормално одвивање на сообраќајот во зимски услови.

**Цел на програмата**

Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година има за цел да предвиди ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид опфатено со основниот Урбанистички план како и на целата територија на општина Охрид и тоа преку одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини, дефинирање на работите и задолженија на носителите за реализација на програмата и дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на програмата.

Тргнувајќи од основната цел на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година, физичкиот обем на работите е утврден согласно со приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот. Приоритет при чистењето на снегот им се дава на улиците по кои се одвива градскиот сообраќај, додека одржувањето на меѓуградскиот сообраќај односно магистралните и регионални патишта како и улиците кои се трансферзала на истите се обврска на Секцијата на Македонија пат Охрид. Утврдувањето на приоритетните улици по категории го утврдува ЈП „Охридски Комуналец" Охрид со претходна согласност од Секторот за утрбанизам, заштита на животна средина и комунален развој при општина Охрид.

Категоризацијата е резултат на повеќегодишно искуство на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид во зимското одржување на сообраќајниците како и следење на сообраќајот во зимски услови.

Чистењето на снегот и голомразицата се одвива по приоритет на улици утврден во групи според следниот преглед:

***Преглед на улици предвидени во Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година***

**I-ва група на улици:**

1. ул.„Ј.Сандански“ (од пресекот со ул.„Партизанска“ до крај);
2. ул.„П.Гули“ (од ул.„Ј.Сандански“ до ул.„7/ми Ноември“);
3. ул.„7/ми Ноември“ (од „Бул.Туристичка“ до ул.„Железничка“);
4. ул.„М.Просветители“ (од кружниот тек до Противпожарна станица);
5. ул.„Партизанска“ (од ул.„М.Просветители“ до пресекот со ул.„Ј.Сандански“);
6. ул.„Д.Влахов“ (од ул.„Ј.Сандански“ до ул.„М.Просветители“);
7. ул.„А.Емин“ (од пресек со „Бул.Туристичка“ до ул.„Г.Делчев“);
8. ул.„К.и Методиј“ (од ул.„Г.Делчев“ до Горна порта);
9. ул.„Г.Делчев“ (од пресек со ул.„А.Емин“ до крај);
10. ул.„М.Цепенков“ (од ул.„С.Војвода“ до ул.„М.Јорданоски“);
11. ул.„М.Јорданоски“ (од ул.„М.Цепенков“ до пекара Габреш);
12. ул.„С.Војвода“ (од ул.„Ј.Сандански“ до влез на ЈЗУ Општа болница);
13. ул.„К.Јосифоски“ (од ул.„Партизанска“ до ул.„Д.Влахов“);
14. Новоотворена улица за АРМ и СВР.

**II-ра група на улици:**

1. ул.„А.Емин“ (од „Бул.Туристичка“ до ул.„Железничка“);
2. ул.„С.Наумов“(од „Бул.Туристичка“ до ул.„Г.Делчев“);
3. ул.„Асном“ (од „Бул.Туристичка“ до ул.„К.Војвода“);
4. ул.„Д.Груев“(од „Бул.Туристичка“ до кружниот тек);
5. ул.„К.Војвода“(од ул.„Ј.Сандански“ до ул.„Асном“);
6. ул.„С.Војвода“ (од ул.„С.Војвода“ до ул.„К.Војвода“);
7. ул.„М.Несторoски“ (од ул.„7/ми Ноември“ до ул.„П.Гули“);
8. ул.„Кленоец“(од ул.„7/ми Ноември“ до с.Д.Лакочереј);
9. ул.„М.Цепенков“ (од ул.„М.Јорданоски“ до Стобекс);
10. ул.„1/ва МУБ“ (од ул.„П.Гули“ до Стобекс);
11. ул.„Ж.Чинго“ (од ул.„15/ти Корпус“ до ОУ „Ж.Чинго“).

**III-та група на улици:**

1. ул.„Ј.Сандански“(од пресек со ул.„Партизанска“ до ул.„К.М.Тито“);
2. ул.„К.М.Тито“(од ул.„М.Просветители“ до ул.„Асном“);
3. ул.„Асном“ (од ул.„К.М.Тито“ до „Бул.Туристичка“);
4. ул.„Партизанска“ (од ул.„Ј.Сандански“ до ул.„Асном“);
5. ул.„С.Наумов“(од „Бул.Туристичка“ до ул.„8/ми Март“);
6. ул.„8/ми Март“ (од ул.„Железничка“ до ул.„С.Наумов“);
7. ул.„Распаќе“ (од ул.„Г.Делчев“ до „Бул.Туристичка“);
8. ул.„Галичица“ (од ул.„Ј.Сандански“ до ул.„Асном“);
9. ул.„В.Николески“ (од ул.„Партизанска“ до ул.„Д.Влахов“);
10. ул.„К.Војвода“ (од ул.„Д.Груев“ до ул.„Ј.Сандански“);
11. ул.„Ц.Самоил“ (цела);
12. ул.„К.Абраш“ (цела);
13. ул.„М.Јорданоски“ (од ул.„М.Цепенков“ до ул.„1/ва МУБ“);
14. ул.„Егејска“ (од ул.„Железничка“ до ул.„7/ми Ноември“);
15. ул.„А.Мустафа“(од ул.„Г.Делчев“ до „Бул.Туристичка“).

**IV-та група на улици:**

1. ул.„8/ми Септември“ (од ул.„Н.Карев“ до ул.„С.Војвода“);
2. ул.„Л.Трпоски“ (од ул.„Галичица“ до ул.„С.Војвода“);
3. ул.„Н.Карев“ (од ул.„Галичица“ до ул.„Асном“ и до „Бул.Туристичка“);
4. ул.„Илинденска“ (од ул.„Ц.Самоил“ до Горна порта);
5. ул.„К.Капидан“ (од Горна порта до Плаошник; од Горна порта до Самуилови тврдини);
6. ул.„Б.Алириза“ (од ул.„А.Емин“ до ул.„7/ми Ноември“);
7. ул.„К.Марко“ (од ул.„С.Наумов“ до ул.„А.Емин“);
8. ул.„Н.П.Русински“ (од „Бул.Туристичка“ до ул.„Г.Делчев“);
9. ул.„Г.Делчев“ до ул.„В.Стефоски“;
10. ул.„В.Стефоски“ (од ул.„Г.Делчев“ до ул.„М.Рифат“);
11. ул.„М.Рифат“(од ул.„Г.Делчев“ до ул.„В.Стефоски“);
12. ул.„Д.Војвода“ (од ул.„А.Емин“ до ул.„С.Наумов“);
13. ул.„Д.Груев“(до комплекс згради нас.Х.Узунов)
14. ул.„Богомилска“ (од ул.„М.Несторoски“ до ул.„Д.Груев“);
15. ул.„В.Главинов“ (од ул.„7/ми Ноември“ до ул.„М.Несторoски“);
16. ул.„Ѓ.Петров“ (од ул.„М.Несторoски“ до комплекс згради Х.Узунов);
17. ул.„В.Николески“ (од ул.„1/ва МУБ“ до ул.„М.Цепенков“);
18. ул.„Т.Дојчиноски“ (од ул.„1/ва МУБ“ до ул.„М.Цепенков“);
19. ул.„1/ви Мај“ (од ул.„П.Гули“ до ул.„1/ва МУБ“);
20. ул.„А.Гушо“(од ул.„П.Гули“ до ул.„Т.Дојчиноски“);
21. ул.„Р.Чадо“ (од ул.„Железничка“ до Стобекс);
22. ул.„В.Питошески“ (од ул.„Ј.Сандански“ до ул.„М.Ацев“);
23. ул.„М.Ацев“ (од ул.„Н.Карев“ до ул.„В.Питошески“);
24. ул.„Бистрица“ (од ул.„Железничка“ до ул.„В.Стефоски“).

**V. Приградски и селски населби**

Во зависност од потребите и условите на теренот, а по однапред добиен налог и согласност од страна на Одделението за комунален развој и сообраќај ќе се врши Зимско одржување на пристапните патишта во следните населени места:

1. с.Елшани
2. с.Коњско
3. нас.Исток
4. нас.Рача
5. с.Велестово
6. с.Рамне
7. с.Лескоец
8. с.Косел
9. с.Завој
10. с.Вапила
11. с.Ливоишта
12. с.Куратица
13. с.Речица
14. с.Плаќе
15. с.Свињишта
16. с.Лакочереј
17. с.Орман

За успешно реализирање на Оперативната програма за Зимско одржување на патиштата, во зависност од потребите, покрај ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид, ќе се користи опрема и средства од други физички и правни лица со кои претходно ќе се склучат соодветни договори.

**VI. Останати улици**

Останатите улици кои не се опфатени во погорните категории ќе бидат категоризирани во улици од VI категорија и ќе се чистат во зависност од реализацијата на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година.

**VII. Улици кои заради специфични местоположби ќе бидат опфатени со рачно посипување**

Одредени улици во општина Охрид кои заради големите нагорнини не можат да бидат опфатени со оваа Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година, односно заради неможноста од поминување на специјалните возила за чистење снег, како и улици по кои не се одвива сообраќај, а се од посебна важност, ќе се посипуваат рачно или со трактор сеалка. Овие улици не се категоризирани во ниедна категорија погоре, меѓутоа некои од нив заради својата специфичност ќе бидат категоризирни како улици од I и II категорија со посебна важност, а тоа се: ул.„Св.Климент Охридски“, дел од улиците „Гоце Делчев“, „Даме Груев“, улиците во стариот дел на градот, улиците во населба „Бејбунар“, како и улиците во селата кои гравитираат во општина Охрид.

Чистењето на снегот од пристапните патеки во парковите и спомен - обележјата во градот, како и од дрвјата и зеленилото ќе го врши дежурна екипа на РЕ - Паркови и зеленило.

**Оперативен дел**

Во првата фаза при снежни врнежи, ќе се врши посипување со мешавина од индустриска сол и камена ситнеж. Приоритетот односно динамиката се утврдува во зависност од висината на снежните врнежи, температурата на воздухот и предвидувањата на атмосферскиот талог односно снежните врнежи.

Најпрво ќе се третираат улиците од I категорија, а потоа останатите, доколку во меѓувреме не се утврди друг приоритет заради воспоставување на нормален тек на сообраќајот. За оваа намена намена ќе се користат трактори со посипувачи како и влечен растурач на сол и ризла (епоха). Ќе напоменеме дека ефектот на индустриската сол и камената ситнеж имаат ефект на температури повисоки од -3°Ц, додека за температури пониски од наведената, ефектот на ваквите дејства е многу намален.

Доколку снегот на коловозот е над 15см. се пријдува кон чистење на истиот со возила со снежни плугови, гредери, а доколку се појави потреба се вклучуваат специјални машини како што се ИЦБ, товарувачи и други специјални возила кои користат гумени тркала.

Чистењето на тротоарите на улиците на места каде што нема деловни објекти и индивидуални станбени објекти ќе го врши ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид, додека останатите површини по тротоарите и сообраќајниците должни се според комуналниот ред чистењето да го извршуваат физичките лица односно правните субјекти.

**Начин на извршување**

Пред отпочнување на дејства на чистење на снегот од коловозите ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид овластеното лице за спроведување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година, ќе го извести Секторот за сообраќај при СВР Охрид за отпочнување на активностите и за потребите на регулирање на сообраќајот во зимски услови. Ова го напоменуваме од причини што ќе има потреба од поминување на специјалните возила како и потреба од поминување на истите со поголема брзина од дозволената со цел поефикасно чистење на снегот. Во вакви случаи потребно е екипите од сообраќајната полиција да воспостават поинаков режим на сообраќајот, односно некои улици да се затворат т.е. да се пренасочи сообраќајот или да се воспостави сообраќај во еден правец заради поефикасно и побрзо отстранување на снегот од коловозите. Во изминатите години ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид во овој дел имаше одлична соработка со Секторот за сообраќај при СВР Охрид.

**Средства, опрема и организациска поставеност**

За извршување на активностите од Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година ќе се користат следните средства и извршители и тоа:

ФАП за зимско одржување (со епоха или нож)

- опслужувачи - возачи:

1. Перо Чеменкоски

2. Владо Лазарески
3. Аце Младеноски
4. Мирко Никлески
5. Драган Капрически
6. Марјан Цветаноски

Работни машини
- опслужувачи - возачи:
1. Петрит Али
2. Наум Аврамоски
3. Наум Лошкоски

Трактор со соларка
- опслужувачи - возачи:
1. Душко Лошкоски
2. Васко Нически

Исто така ЈП „Охридски Комуналец" Охрид има организирано дежурни служби за одржување на возила и машини и тоа:

Бравар:
1. Трајан Петрески

Механичари:
1. Науме Кочоски
2. Иљо Мургоски

Работници за обавување на работите предвидени со паркови и зеленило:
1. Милчо Петрески
2. Спасе Гогачески
3. Петар Кочоски
4. Иванчо Орачев

За организирање на работата на зимската служба се формира штаб во состав:
1. Наум Ропчев - одговорен
2. Миле Ристески - заменик одговорен
3. Драги Јованоски
4. Ѓоко Филипчески
5. Вера Рауник
6. Климе Маслов
7. Стефчо Маслов
8. Александар Попоски

Доколку врнежите на снег се многу големи, ЈП „Охридски Комуналец" Охрид за спроведување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година, ќе користи опрема и средства од други физички и правни субјекти со кои претходно во текот на подготвителниот период ќе пристапи кон договарање на активностите во вакви услови.

За извршувањето на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година, ЈП „Охридски Комуналец" Охрид, односно овластеното лице за спроведување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година ќе биде во постојан контакт со Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој при општина Охрид како и дежурното лице од Секторот за сообраќај при СВР Охрид.

Со општина Охрид за спроведување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година

ќе биде склучен посебен Договор со кој ќе се дефинираат правата и обврските на договорните страни како и цените за услугите, односно за извршените работи.

За чистење на улиците по приоритет на налогодавачот, општина Охрид како и на Секторот за сообраќај при СВР Охрид и Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој при општина Охрид, изведувачот ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид со договорот ќе му достави карта на градот со улиците обележани по категории и тоа:

- со зелена боја улиците од I категорија
- со портокалова боја улиците од II категорија
- со сина боја улиците од III категорија
- со црвена боја улиците од IV категорија

Останатите улици кои не се опфатени со горенаведената категоризација се необележени. Насоките на движење на возилата, машините и другите средства за чистење на снегот ќе се договараат со дежурните служби на Секторот за сообраќај при СВР Охрид.

ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид како изведувач на работите е должен за текот на изведувањето на работите да води градежен дневник во кој ќе се внесуваат податоци за извршените активности со времето на започнување односно прекинувањето, изразено во работни часови.

Налог за работа и надзор на изведувањето на работата ќе издава и врши стручната служба или лице одредено од Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој при општина Охрид. Доколку истите не се во можност да излезат на терен од било кои причини, а заради ефикасно спроведување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година, а заради навремено почнување на активностите, ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид го задржува правото да отпочне со реализирањето на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/2008 година.

Заради координирање на активностите на зимското одржување на улиците во градот, благовремено ќе бидат информирани надлежните органи на општина Охрид, односно Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој и Секторот за сообраќај при СВР Охрид.

**Број 07-2348/9-1**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на правилата за работа на облиците на месна самоуправа на општина Оохрид**

**СЕ ПРОГЛАСУВААТ,** Правилата за работа на облиците на месна самоуправа на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/10**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 82 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 18 од Статутот на Општина Охрид (Сл.гласник бр.8/07), Советот на Општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година, донесе:

**П Р А В И Л А**

за работа на облиците на месна самоуправа на општина Охрид

**1. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овие правила се уредува работата на облиците на месна самоуправа основани на подрачјето на општината, а особено: работите во надлежност на облиците на месна самоуправа, организацијата на облиците на месна самоуправа, финансирањето, соработката меѓу облиците на месна самоуправа, комуникацијата со општината, информирањето на граѓаните во облиците на месна самоуправа, надзорот и други прашања од значење за работата на облиците на месна самоуправа.

**Член 2**

Граѓаните во општината ги основаат облиците на месна самоуправа заради оставарување на уставното право на месна самоуправа, како облик на изразување на нивниот заеднички интерес и заради давање придонес за решавање на нивните секојдневни потреби во непосредната околина на подрачје на кое тие се основани и вклучување во системот на одлучување во локалната самоуправа.

**Член 3**

Во општината се создаваат услови на основање на облици на месна самоуправа, како битен елемент на општината и се овозможува на граѓаните да придонесуваат за нејзино подобро функционирање во целина, непосредно да ги согледуваат проблемите на заедничкиот живот во соседството, да расправаат за можностите за нивно решавање, да донесуваат одлуки и да здружуваат средства, како и непосредно да се ангажираат во спроведувањето на заеднички донесените одлуки.

**Член 4**

Облиците на месна самоуправа работат во рамките на правата утврдени со Статутот на општината, Одлуката за основање и делегираните надлежности од Градоначалникот на општината.

Облиците на месна самоуправа немаат статус на правно лице и не можат да отворат жиро-сметки.

**Член 5**

Обликот на месна самоуправа има име утврдено со Одлуката за основање.

На подрачјето на општината имињата на облиците на месна самоуправа се разликуваат и не може да постојат две или повеќе месни заедници со исто име.

**Член 6**

Работењето на обликот на месна самоуправа се однесува за подрачјето за кое е основана.

**Член 7**

Обликот на месна самоуправа користи печат, со кој ја потврдува автентичноста на потписите на овластените лица на донесените документи.

Печатот на обликот на месна самоуправа е со округла форма со испишан текст на името на општината во концентричен круг, а името на обликот на месна самоуправа е испишано хоризонтално во средината на печатот.

За употребата на јазикот и писмото на печатот соодветно се применуваат одредбите од статутот на општината што се однесуваат на употребата на службените јазици во општината.

**Член 8**

Обликот на месна самоуправа ја претставува и застапува претседателот на советот на обликот на месна самоуправа (во натамошниот текст: Советот).

Во отсуство на претседателот на советот, обликот на месна самоуправа го претставува и застапува член на советот определен од претседателот на советот.

**Член 9**

Облиците на месна самоуправа меѓусебно соработуваат заради остварување на нивните заеднички интереси.

Облиците на месна самоуправа може заради остварување на заеднички интереси да соработуваат и да здружуваат средства и со облици на месна самоуправа од подрачјето на други општини во согласност со Договор помеѓу општините.

**Член 10**

Обликот на месна самоуправа задолжително се евидентира во евиденцијата на облиците на месна самоуправа што се води во општината.

## II. РАБОТИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНА САМОУПРАВА

**Член 11**

Надлежности на облиците на месна самоуправа се:

- разгледување и заземање ставови за прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје;
- утврдување предлози за прашањата од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје;
- одлучување за одделни прашања што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на општината и органите на државната власт.

**Член 12**

Граѓаните во обликот јна месна самоуправа расправаат, даваат иницијативи за донесување одлуки и други прописи, даваат иницијативи за остварувањето на заедничките интереси, им даваат предлози на надлежните органи и преземаат мерки за разрешување на локални и проблеми од областа на:

- комуналните дејности (снабдувањето со вода и одведувањето на отпадните води, одржување на хигиената и зеленилото, изградба и одржување на патната мрежа, уредување и одржување на гробиштата и др.);
- заштитата на животната средина (заштита од загадување на водата, воздухот и почвата, заштита од прекумерна бучава и др.);
- урбанистичко уредување на просторот;
- јавниот превоз на патници;
- образованието, здравството и социјалната заштита;
- културни, забавни и спортски манифестации и одржувањето на објектите од јавен интерес;
- развивањето на добрососедските односи;
- снабдувањето со стоки и услуги, како и заштитата на потрошувачите;
- други прашања од секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

**Член 13**

Облиците на месна самоуправа имаат право да даваат иницијативи и предлози за решавање на определени прашања од страна на општината, како и да бараат од општината да ги покренува тие прашања пред други надлежни органи.

**Член 14**

Облиците на месна самоуправа даваат предлози до органите на општината за членови на посебните тела на општината кои разгледуваат прашања од областа на урбанизмот,

заштитата на потрошувачите, односите меѓу заедници застапени во општината, како и за други предлози за кои тоа е предвидено со закон, статутот и другите прописи на општината.

**Член 15**

Облиците на месна самоуправа вршат и определени работи од надлежност на општината, доколку им бидат доверени од Градоначалникот.

Средствата за вршење на пренесените работи ги обезбедува општината.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНА САМОУПРАВА

**Член 16**

Во облиците на месна самоуправа за вршење на работите од нивна надлежност се организира Собир на граѓани, се формира Совет, може да се свкикуваат специјализирани (интересни) собири и да се спроведува анкета.

За формирање на Совет одлучуваат граѓаните со живеалиште на подрачјето на обликот на месна самоуправа.

### 1. СОБИР НА ГРАЃАНИ

**Член 17**

Собирот на граѓани (во натамошниот текст: Собир) го сочинуваат сите полнолетни граѓани со живеалиште на подрачјето на обликот на месна самоуправа.

Собирот се свикува со писмени известувања, преку дневниот печат, преку електронски медиуми или на друг погоден начин.

**Член 18**

На Собирот се разгледуваат и се усогласуваат ставовите по прашања од надлежност на обликот на месна самоуправа, се покренуваат иницијативи и се одлучува за прашања од заеднички интерес на жителите.

**Член 19**

На собир граѓаните на облиците на месна самоуправа:

- покренуваат иницијатива до општината за распишување на Референдум;
- одлучуваат за формирање Совет и избор на членови на советот;
- расправаат и решаваат за други работи утврдени со закон, Статут на општината и други прописи на општината;
- разгледуваат проекти од интерес на обликот на месна самоуправа.

**Член 20**

На Собирот во одлучувањето учествуваат полнолетните граѓани, а одлуки се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

За работа на собирот се води записник.

**Член 21**

Со Собирот во облиците на месна самоуправа претседава Претседателот на советот на обликот на месна самоуправа.

**Член 22**

Собирот во облиците на месна самоуправа го свикува Претседателот на советот, на предлог на 1/3 членови на Советот, како и на предлог на граѓани на обликот на месна самоуправа согласно Статутот.

Собирот се свикува најдоцна 7 дена од денот на поднесувањето на предлогот од став 1 на овој член.

Доколку претседателот на Советот не го свика Собирот, граѓаните сами се организираат и го одржуваат собирот, со кој ќе раководи лице избрано од присутните на собирот.

**Член 23**

Со собирот во облиците на месна самоуправа раководи Претседателот на советот.
Претседателот на Советот го предлага дневниот ред за работа на Собирот.
Собирот работи по точките од дневниот ред.

**2. СОВЕТ**

**Член 24**

Советот се состои од (3-7) члена.
Мандатот на членовите на Советот трае четири (4) години.

**Член 25**

На членот на Советот, мандатот му престанува во следните случаи:
- со оставка,
- поради смрт,
- со промена на местото на живеење,
- поради одсуство подолго до шест месеци.

**Член 26**

Советот или одделни негови членови можат да бидат отповикани и пред истекот на мандатот:
- неоправдано отсуство од седниците на советот,
- непочитување на правилата за работа
- непримерно однесување.

**Член 27**

Членувањето во Советот е доброволно и почесно.

**а) Предлагање, утврдување и избор на членови на Советот**

**Член 28**

Членовите на Советот се избираат на Собир на граѓани со јавно гласање, доколку собирот не одлучи глалсањето да биде тајно.

**Член 29**

Предлог на кандидат за член на Советот може да поднесе секој полнолетен присутен член на собирот.

Предлозите за кандидат се даваат поединечно и секој има право да предложи само еден кандидат.

Секој предложен кандидат дава согласност за прифаќање на кандидатурата.

**Член 30**

За утврден кандидат се смета кандидатот кој добил мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на собирот, жители на облиците на месна самоуправа.

Во случај повеќе граѓани да добиле мнозинство гласови се избира според бројот на добиените гласови.

**Член 31**

На Собирот на граѓаните може да се предложат, односно утврдат најмногу два пати повеќе кандидати од вкупниот број на членови на советот.

**Член 32**

Изборот на членовите на Советот се врши со јавно гласање со мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на собирот.

Јавното гласање се спроведува со кревање на рака.

**Член 33**

Членовите на Советот со тајно гласање, се избираат со мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на собирот.

Тајното гласање се спроведува со гласачки ливчиња на начин и постапка што обезбедува изјаснувањето на граѓаните да биде непосредно, слободно и тајно, а резултатите да бидат утврдени на транспарентен начин.

Тајното гласање го спроведува Комисија која ја избира Собирот и е составена од три члена.

**Член 34**

Ако при гласањето за членови на Советот двајца или повеќе кандидати добијат ист број на гласови, и заради тоа не може да се утврди кој од нив добил мандат за член на советот, гласањето се повторува за тие кандидати.

Ако при гласањето за членови на Советот не се избере потребниот број на членови на Советот, ќе се спроведе нова .постапка за избор на онолку кандидати колку не се избрани.

**б) Работа на Советот**

**Член 35**

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се одржуваат по потреба.

**Член 36**

Седниците на Советот ги свикува и со нив раководи Претседателот на Советот.

За својата работа Советот донесува Деловник за работа

**Член 37**

Првата седница на новоизбраниот совет ја свикува Претседателот на советот од претходниот состав во рок од 30 дена по одржувањето на изборите.

**Член 38**

Доколку првата седница на Советот не е свикана во рокот од претходниот член, членовите на Советот сами се состануваат и го конституираат Советот.

**Член 39**

На првата седница, Советот со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови избира Претседател на начин определен за избор на Претседател на советот на општината согласно Законот за локалната самоуправа.

До изборот на Претседател на советот со седницата раководи еден од членовите на советот.

Претседателот на советот се избира со јавно гласање доколку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.

**Член 40**

Советот работи доколку на седницата се присутни мнозинството од вкупниот број негови членови.

Советот одлучува со мнозинство од присутните членови.

**Член 41**

Во случај на престанок на мандатот на член на Советот се спроведуваат дополнителни избори.

**Член 42**

Советот ги врши следните работи:

- донесува Програма и план за работа на месната заедница;
- донесува одлуки за изградба, одржување и користење на објекти од јавен интерес, кои не се во надлежност на органите на општината или органите на државната власт;

- донесува Деловник за својата работа;
- поднесува иницијатива за распишување референдум;
- утврдува предлози за кои граѓаните одлучуваат на собир;
- се грижи за спроведување на заклучоците на Собирот на граѓаните;
- именува членови на комисии и други тела на Одборот;
- донесува одлуки за свикување собир на граѓани и презема активности за нивно одржување;
- спроведува анкети;
- соработува со Градоначалникот, Советот на општината и други органи и организации;
- врши и други работи определени со закон, Статутот на општината и други прописи.

**Член 43**

Советот за својата работа е одговорен пред Собирот на граѓаните.

**Член 44**

Претседателот на Советот на месната заедница ги врши следните работи:
- ја претставува и застапува месната заедница;
- се грижи за подготвување на седниците на Советот;
- ги потпишува актите и заклучоците на Собирот на граѓаните како и на органите и телата на месната заедница;
- го информира Советот за својата работа;
- раководи со реализацијата на програмата на Месната заедница одобрена од општината;
- ги врши работите делегирани од Градоначалникот на општината;
- се грижи за законитоста на работењето на Месната заедница.

**в) Работни тела на Советот**

**Член 45**

За следење и разгледување на одделни прашања и појави, давање на предлози и предлагање на мерки, Советот може да формира работни тела:
- Комисија за уредување на населбата;
- Комисија за заштита и унапредување на човековата околина;
- Комисија за јавни дејности;
- Комисија за развој, унапредување на услужни дејности, занаетчиство, земјоделство и други стопански дејности и друго;
- Комисија за спорт и рекреација.

Советот по потреба може да формира и други работни тела.

**Член 46**

Со актот за формирање на работните тела, се утврдува делокругот, составот и времето за кое се формираат работните тела.

**Член 47**

Работните тела за својата работа поднесуваат извештај до Советот најмалку еднаш годишно.

**3. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ (ИНТЕРЕСНИ) СОБИРИ**

**Член 48**

Советот за разгледување на одделни прашања може да свика специјализирани собири.

Како специјализирани собири може да се свикаат:
- собир на потрошувачи и корисници на услуги;
- собир на родители;
- собир на станари;
- собир на индивидуални земјоделци;

- собир на лозари и
- други специјализирани собири.

На специјализираните собири се разгледуваат прашања, состојби и проблеми од областите за кои е свикан Собирот.

На специјализираните собири можат да се поканат и претставници на Општината, одделни подрачни единици на министерствата и други заинтересирани органи и организации.

## 4. АНКЕТА

**Член 49**

Анкетата е форма преку која граѓаните писмено одлучуваат за одредени предлози на Советот, Градоначалникот и Советот на општината, за утврдување приоритети при решавањето на одделни прашања и давање мислења и предлози кои прашања би требало да се третираат во наредниот период.

Ако мнозинството од жителите по пат на анкета се изјаснат за определен предлог на Советот, Градоначалникот или Советот на општината, во тој случај истиот се смета за прифатен.

Одлука за спроведување на анкетирањето донесува Советот.

## IV. ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА ОБЛИКОТ НА МЕСНА САМОУПРАВА

**Член 50**

Облиците на месна самоуправа работите од своја надлежност ги извршуваат со стручна, техничка и материјална подршка од општината.

Стручната подршка подразбира подготовка на планови, проекти и други материјали со кои облиците на месна самоуправа покренуваат решавање на прашања од интерес на граѓаните на нивното подрачје.

Техничката подршка подразбира составување, обработка и умножување на материјали, употреба на технички средства и помагала за административно работење и комуницирање.

Материјалната подршка подразбира обезбедување работни простории и опрема, надоместоци за комунални давачки и материјални средства за набавка на ситен и потрошен материјал.

**Член 51**

Подршката на работата облиците на месна самоуправа се обезбедува преку државни службеници во општинската администрација задолжени за месната самоуправа.

Претставниците на облиците на месна самоуправа подршката ја остваруваат непосредно со државниот службеник од став 1 на овој член.

**Член 52**

Подршката на работата се обезбедува и преку дополнителни контакти на претставниците на месните заедници со државните службеници од општинската администрација.

Подршка се обезбедува и п реку задолжително присуство на раководни државни службеници од општинската администрација на собири и седници на Совет заради давање стручно појаснување и образложенија на материјали за кои се расправа.

**Член 53**

За доверените работи од Градоначалникот на Претседателот на советот целосно се обезбедуваат услови за нивно извршување.

За извршување на доверените работи од страна на Градоначалникот на Претседателот на месната заедница се даваат упатства и насоки.

Вршењето на доверените работи подлежи на надзор и контрола.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 54**

Работата на облиците на месна самоуправа се финансира од:
Буџетот на општината;
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- приходи од имот што општината и го дала на месната заедница на управување;
- средства што ќе ги отстапат заинтересираните правни и физички лица;
- подароци; и
- други средства.

**Член 55**

Од Буџетот на општината се финансира:
- тековното работење на облиците на месна самоуправа;
- програми за финансирање на одредени активности на подрачјето на облиците на месна самоуправа;
- други потреби на облиците на месна самоуправа.

**Член 56**

За финансирање на тековните активности обликот на месна самоуправа е должен до крајот на второто тромесечие од тековната година до општината да ги достави годишните потреби на средства за покривање на тековните трошоци.

**Член 57**

Со програма за финансирање на одредени активности на своето подрачје облиците на месна самоуправа го утврдуваат видот на активностите, го определуваат износот и изворите на средства и ја определуваат динамиката за нивно извршување.

Програмата се доставува до општината во календарската година до крајот на вториот квартал, со предлог за нејзино вградување во Буџетот на општината за наредната календарска година.

Програмите за кои се обезбедени повеќе од 50 % од потребните средства од страна на месните заедници имаат приоритет при утврдување на Буџетот на општинта.

## VI. СОРАБОТКА МЕЃУ ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНА САМОУПРАВА

**Член 58**

Облиците на месна самоуправа од подрачјето на општината остваруваат меѓусебна соработка и поврзување за остварување на заеднички цели и интереси.

Меѓусебната соработка се остварува преку:
- покренување на заеднички иницијативи до општината за решавање на прашања од нејзина надлежност;
- меѓусебно договарање за единствен приод во разрешување на прашања од заеднички интерес;
- размена на искуства од своето работење.

Меѓусебната соработка се остварува со организирање на средби на претставниците на облиците на месна самоуправа, заеднички седници на советите и на работните тела.

Заедничките иницијативи до општината за решавање на прашања од нејзина надлежност се покренуваат со усвојување на идентичен текст на иницијативата, од страна на облиците на месна самоуправа.

**Член 59**

Облиците на месна самоуправа од подрачјето на општината можат да соработуваат и со облиците на месна самоуправа од подрачјето на соседна општината.

Обликот на месна самоуправа е должен да ја извести општината за остварена соработка со обликот на месна самоуправа од друга општина ако соработката е остварена за прашање од надлежност на општината.

## VII. КОМУНИКАЦИЈА СО ОПШТИНАТА

**Член 60**

Облиците на месна самоуправа остваруваат комуникација со општината преку присуство на нејзини претставници на средби со Градоначалникот на општината и со Претседателот на советот.

Средбите се одржуваат по иницијатива на претставници на облиците на месна самоуправа или по иницијатива на Градоначалникот на општината или советот.

Претставници на облиците на месна самоуправа можат да присуствуваат на седниците на советот особено кога се расправа за прашања кои имаат допирни точки со интересите на жителите од облиците на месна самоуправа.

**Член 61**

Облиците на месна самоуправа редовно се информираат за седниците на Советот.

Облиците на месна самоуправа по барање на советот даваат мислење по материјалите што се од непосреден интерес за граѓаните на облиците на месна самоуправа.

## VIII. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Член 62**

Советот е должен редовно да ги информира граѓаните за покренатите иницијативи, за прашањата за кои непосредно одлучува како и за активностите што ги презема, а што се од значење за граѓаните со живеалиште во подрачјето на обликот на месна самоуправа.

Информирањето на граѓаните се врши преку соопштенија истакнати на погодни места, преку средствата за јавно информирање или друг погоден начин.

## IX. НАДЗОР

**Член 63**

Надзор над примената на Правилата за работа на облиците на месна самоуправа врши општината.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 64**

Со влегувањето во сила на овие Правила, престануваат да важат Статутите на облиците на месна самоуправа.

**Член 65**

Овие Правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Охрид.

**Број 07-2348/10**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на Заклучокот**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/10-1**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Се задолжува општинската администрација да отпочне иницијатива за измена на Статутот во член 100 и 102.

**Број 07- 2348/10-1**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**За прогласување на Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/11**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 2 од Законот за јавни претпријатија, член 22-а од Законот за спортот и член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори**

**Член 1**
Со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори бр.07-1975/11 од 08.10.2007 година („Сл.гласник"бр.12/07).

**Член 2**
Во член 3 од Одлуката се додава нов став 2 кој гласи:
„Скратен назив на претпријатието е ЈП „Билјанини Извори"-Охрид.

**Член 3**
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 07-2348/111** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2007 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во основните училишта во општина Охрид**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во основните училишта во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2007 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за основно образование („Сл.весник на РМ" бр.44/95) и измените и дополнувањата на Законот („Сл.весник на РМ" бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/97, 29/02, 40/02, 42/02 и 63/04) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година, ја донесе следната :

**ОДЛУКА**
**За давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во основните училишта во општина Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за формирање /чисти/ паралелки од 1-во до 8-мо одделение со помалку од 25 ученици за учебната 2007/2008 година во следните училишта:

**1. ОУ „Григор Прличев“ - Охрид**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Централно** | 1-во одд. од 6 год. | 4 пар. | 69 учен. |
| | 1-во одд. од 7 год. | 5 пар. | 112 учен. |
| | 2-ро одд. | 5 пар. | 106 учен. |
| | 3-то одд. | 5 пар. | 114 учен. |
| | 4-то одд. | 5 пар. | 118 учен. |
| | 5-то одд. | 5 пар. | 124 учен. |
| **ПУ „Рача“** | 1-во одд. од 6 год. | 1 пар. | 4 учен. |
| | 1-во одд. од 7 год. | 1 пар. | 15 учен. |
| | 2-ро одд. | 1 пар. | 10 учен. |
| | 3-то одд. | 1 пар. | 17 учен. |
| | 4-то одд. | 1 пар. | 13 учен. |
| | 5-то одд. | 1 пар. | 12 учен. |
| | 6-то одд. | 1 пар. | 14 учен. |
| | 7-мо одд. | 1 пар. | 17 учен. |
| | 8-мо одд. | 1 пар. | 15 учен. |

**2. ОУ „Св.Климент Охридски“ - Охрид**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Централно** | 1-во одд. од 6 год. | 1 пар. | 21 учен. |
| | 1-во одд. од 7 год. | 2 пар. | 31 учен. |
| | 2-ро одд. | 2 пар. | 36 учен. |
| | 3-то одд. | 2 пар. | 35 учен. |
| | 4-то одд. | 2 пар. | 38 учен. |
| | 5-то одд. | 2 пар. | 41 учен. |
| | 6-то одд. | 2 пар. | 37 учен. |
| | 7-мо одд. | 2 пар. | 41 учен. |
| | 8-мо одд. | 2 пар. | 44 учен. |
| **ПУ „Даљан“** | 2-ро одд. | 1 пар. | 9 учен. |
| | 3-то одд. | 1 пар. | 6 учен. |
| | 4-то одд. | 1 пар. | 9 учен. |

**3. ОУ „Братство-Единство“ – Охрид**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Македонски јазик** | 1-во одд. од 6 год. | 3 пар. | 51 учен. |
| | 1-во одд. од 7 год. | 4 пар. | 66 учен. |
| | 2-ро одд. | 3 пар. | 55 учен. |
| | 3-то одд. | 4 пар. | 88 учен. |
| | 4-то одд. | 4 пар. | 80 учен. |
| | 5-то одд. | 3 пар. | 70 учен. |
| | 6-то одд. | 2 пар. | 42 учен. |
| | 7-мо одд. | 1 пар. | 22 учен. |
| | 8-мо одд. | 2 пар. | 44 учен. |
| **Турски јазик** | 1-во одд. од 6 год. | 1 пар. | 11 учен. |
| | 1-во одд. од 7 год. | 1 пар. | 12 учен. |
| | 2-ро одд. | 1 пар. | 18 учен. |
| | 3-то одд. | 2 пар. | 36 учен. |
| | 5-то одд. | 1 пар. | 21 учен. |
| | 6-то одд. | 2 пар. | 44 учен. |
| | 7-мо одд. | 1 пар. | 22 учен. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Албански јазик** | 1-во одд. од 6 год. | 1 пар. | 15 учен. |
| | 1-во одд. од 7 год. | 2 пар. | 36 учен. |
| | 2-ро одд. | 2 пар. | 41 учен. |
| | 4-то одд. | 2 пар. | 43 учен. |
| | 6-то одд. | 1 пар. | 24 учен. |
| | 8-мо одд. | 2 пар. | 42 учен. |

**4. ОУ „Кочо Рацин“ - Охрид**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Централно** | 1-во одд. од 6 год. | 2 пар. | 30 учен. |
| | 1-во одд. од 7 год. | 2 пар. | 32 учен. |
| | 2-ро одд. | 2 пар. | 34 учен. |
| | 3-то одд. | 2 пар. | 45 учен. |
| | 4-то одд. | 2 пар. | 39 учен. |
| | 5-то одд. | 2 пар. | 41 учен. |
| | 8-мо одд. | 2 пар. | 47 учен. |
| **ПУ Д.Лакочереј** | 1-во одд. од 6 год. | 1 пар. | 9 учен. |
| | 1-во одд. од 7 год. | 1 пар. | 7 учен. |
| | 3-то одд. | 1 пар. | 15 учен. |
| | 5-то одд. | 1 пар. | 12 учен. |
| | 8-мо одд. | 1 пар. | 15 учен. |

**5. ОУ „Св.Наум Охридски“ -Пештани**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1-во одд. од 6 год. | 1 пар. | 5 учен. |
| | 1-во одд. од 7 год. | 1 пар. | 16 учен. |
| | 2-ро одд. | 1 пар. | 7 учен. |
| | 3-то одд. | 1 пар. | 9 учен. |
| | 4-то одд. | 1 пар. | 7 учен. |
| | 5-то одд. | 2 пар. | 40 учен. |
| | 6-то одд. | 2 пар. | 42 учен. |
| | 7-мо одд. | 2 пар. | 27 учен. |
| | 8-мо одд. | 2 пар. | 34 учен. |
| **ПУ Елшани** | 1-во од 6 год. | 1 пар. | 9 учен. |

**6. ОУ „Живко Чинго“ -с.Велгошти**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1-во одд. од 6 год. | 1 пар. | 20 учен. |
| | 1-во одд. од 7 год. | 2 пар. | 29 учен. |
| | 3-то одд. | 2 пар. | 28 учен. |
| | 4-то одд. | 1 пар. | 18 учен. |
| | 5-то одд. | 2 пар. | 38 учен. |
| | 6-то одд. | 2 пар. | 26 учен. |
| | 7-мо одд. | 2 пар. | 25 учен. |
| | 8-мо одд. | 2 пар. | 36 учен. |

**7. ОУ „Ванчо Николески“ -с.Лескоец**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1-во одд. од 7 год. | 2 пар. | 35 учен. |
| | 2-ро одд. | 1 пар. | 23 учен. |
| | 3-то одд. | 2 пар. | 36 учен. |
| | 4-то одд. | 2 пар. | 35 учен. |
| | 5-то одд. | 2 пар. | 35 учен. |
| | 6-то одд. | 2 пар. | 36 учен. |
| | 7-мо одд. | 2 пар. | 40 учен. |
| | 8-мо одд. | 2 пар. | 36 учен. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПУ Косел** | 5-то одд. | 1 пар. | 10 учен. |
| | 6-то одд. | 1 пар. | 11 учен. |
| | 7-мо одд. | 1 пар. | 4 учен. |
| | 8-мо одд. | 1 пар. | 14 учен. |
| **ПУ Куратица** | 5-то одд. | 1 пар. | 2 учен. |
| | 6-то одд. | 1 пар. | 4 учен. |
| | 7-мо одд. | 1 пар. | 2 учен. |
| | 8-мо одд. | 1 пар. | 2 учен. |

**8. ОУ „ Христо Узунов“ – Охрид**

1-во одд. од 6 год. 5 пар. 1116 учен.

**Член 2**

Како комбинирани паралелки со помалку од 25 ученици од 1-во до 8-мо одделение во учебната 2007/2008 година ќе работат следните:

**1. ОУ „Кочо Рацин„ Охрид**

**ПУ Долно Лакочереј** 2-ро и 4-то 1 паралелка 12 учен.

**2. ОУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани**

**ПУ Коњско** 1-во и 3-то 1 паралелка 20 учен.
1-во со 6 год., 2-ро и 4-то 1 пар. 14 учен.

**ПУ Елшани** 1-во и 3-то 1 пар. 9 учен.
2-ро и 4-то 1 пар. 16 учен.

**ПУ Трпејца** 1-во, 2-ро, 3-то и 4-то 1 паралелка 7 учен.

**3. ОУ „Ванчо Николески“с.Лескоец**

**ПУ Косел** 1-во и 3-то 1 пар. 6 учен.
2-ро и 4-то 1 пар. 11 учен.

**ПУ Куратица** 1-во (6 год.и 7 год.) и 2-ро 1 пар. 12 учен.

**ПУ Вапила** 1-во, 2-ро, 3-то и 4-то одд. 1 пар. 8 учен.

**4. ОУ „Св. Климент Охридски “ Охрид**

**ПУ Далјан**

1-во од 6 год. и 1-во од 7 год. 1 парал. 8 учен.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2348/12**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Декларација „Не за генетски инжинеринг во нашите полиња“**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Декларација „Не за генетски инжинеринг во нашите полиња“, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/13**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Декларацијата „Не за генетски инжинеринг во нашите полиња“**

**Член 1**

Се усвојува Декларацијата „ Не за генетски инжинеринг во нашите полиња“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2348/13**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на Олуката за утврдување на висината на надоместокот при склучување граѓански бракови**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување на висината на надоместок при склучување граѓански бракови, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/14**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 15.11.2007 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За утврдување на висината на надоместокот при склучување граѓански бракови**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот при склучување граѓански бракови .

**Член 2**

За денови во кои ќе се склучуваат граѓански бракови се определуваат: петок во работно време, сабота и недела.

За користење на салата при склучување на граѓански брак во петок се утврдува надоместок од 500,оо денари, а во сабота и недела надоместок од 1000,оо денари.

Утврдениот надоместок се уплатува пред склучување на бракот на сметка на општина Охрид бр. 840 -152 06553 приходно конто 723914, а уплатницата се доставува до матичната служба при СВР-Охрид.

**Член 3**

Средствата собрани од надоместокот ќе се користат за покривање на трошоците направени при склучување на граѓански брак како и за тековно одржување на салата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2348/14**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на Заклучокот**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/14-1**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Се задолжува локалната самоуправа во рок од 60 дена да даде предлог решение во која сала ќе се врши склучување на бракови.

**Број 07- 2348/14-1**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**За прогласување на Одлуката за донесување на Буџетски календар**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување на Буџетски календар, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2007 година.

**Број 08-2348/15**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/2002 г.), член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/2004 и 96/2004) и член 18 од Статутот на Општината Охрид („Сл.гласник на општината Охрид“бр.8/07), Советот на Општината Охрид на седницата одржана на 15.11.2007 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За донесување на Буџетски календар**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува буџетскиот календар за начинот и постапката за изготвување и донесување на Буџетот на општина Охрид за 2008 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2348/15**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/04 и 96/04) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 15.11.2007 година го донесе следниот:

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**

| Можен датум | Буџетски активности - Одговорност |
|---|---|
| 15.11.2007 година | Советот на општината го донесува буџетскиот календар. |
| Обврска на МФ | Министерот за финансии доставува до Владата на РМ фискална стратегија на РМ за наредните три години |
| 20.11.2007 година | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници |
| 30.11.2007 година | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции |
| 10.12.2007 година | Одделот за буџет врши преговарање, анализирање на доставените предлог-пресметкии ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог-буџет |
| 03.12.2007 година | Советот на општината разгледува развојни документи, вклучително и фискална стратегија |
| 14.12.2007 година | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки градоначалникот |
| Обврски према МФ | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на предлог буџет за наредната година |
| 17.12.2007 година | Градоначалникот го разгледува и одобрува предлог-буџетот подготвен од страна на финансискиот оддел на општината |
| 17.12.2007 година | 1. Предлог буџетот се доставува до Советот на општината<br>2. Се објавува содржината на предлог-уџетот и се дава достапност на јавноста<br>3. Се одржуваат јавни расправи |
| 20.12.2007 година | Доставување на примедби и забелешки од страна на граѓани, корисници, фондации, здруженија и други заинтересирани субјекти. |
| 21.12.2007 година | До Советот се доставува конечен предлог буџет од страна на градоначалникот. |
| 21-28.12.2007 година | Се води расправа во телата на Советот на општината |
| 28.12.2007 година | Седница на Советот на општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година |
| 1 Јануари | Започнува новата буџетска година |

**Број 07 -2348/15-1**
**15.11.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 109 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид ( „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Статутарно правната комисија на седницата одржана на ден 13.11.2007 година го утврди пречистениот текст на Одлуката за

утврдување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште на општина Охрид.

Пречистениот текст на Одлуката за утврдување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште на општина Охрид ги опфаќа Одлуката за утврдување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.4/97), Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.1/99),Одлука за дополнување на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.11/07).

**Број 12-2436** **Статутарно – правна комисија**
**13.11.2007 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Милена Танеска с.р.**

**ОДЛУКА**
**За утврдување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште на општина Охрид**
**(** ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ **)**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, начинот на пресметката, начинот на плаќањето на надоместокот од страна на инвеститорот, учеството на инвеститорот во уредувањето на земјиштето и надоместокот на инвеститорот за користење на земјиштето за поставување на времени објекти.

**Член 2**

Уредувањето на градежното земјиште се финансира и тоа:
- од надомест за уредување на градежното земјиште
- од надомест за употреба на градежното земјиште
- од надомест од давање на привремено користење на уредено градежно земјиште
- од учество на градежни претпријатија од комуналните дејности што стопанисуваат и управуваат со комунални објекти и инсталации изградени со средства за уредување на градежното земјиште и тоа најмалку 25 % од вредноста на објектите и инсталациите
- од учество на граѓаните преку самопридонес
- од други извори.

**Член 3**

За уредување на градежното земјиште инвеститорот плаќа надоместок согласно определбите на оваа Одлука.

**Член 4**

Висината на надоместокот од член 3 на оваа Одлука се утврдува на нето корисна површина

Нето корисната површина ги опфаќа приземјето и сите спратови на објектот што се гради.

**Член 5**

Висината на надоместокот од член 3 на оваа Одлуката со која се задолжува инвеститорот се утврдува од процентуалниот износ на просечната градежна вредност на 1 м2. изградена нето површина постигната кај градежната оператива на подрачјето на општината.

Просечната градежна вредност на 1 м2. изградена нето површина се утврдува на 65 % од постигнатата просечна продажна вредност на 1 м2. изградена површина на подрачјето на општината Охрид.

Градежната вредност на 1 м2. изградена нето површина се утврдува на 17.000 денари.

**Член 6**

Висината на надоместокот од член 3 на оваа Одлука во зависност од зоната во која се гради, видот и намената на објектот се утврдува:

**1. Колективни станбени објекти**

- Прва зона 30 % од просечната градежна вредност
- Втора зона 21 % од просечната градежна вредност
- Трета зона 18 % од просечната градежна вредност
- Четврта зона 15 % од просечната градежна вредност
- Петта зона 14 % од просечната градежна вредност
- Шеста зона 13 % од просечната градежна вредност

**2. Индивидуална станбена изградба**

- Прва зона 17 % од просечната градежна вредност
- Втора зона 13 % од просечната градежна вредност
- Трета зона 10 % од просечната градежна вредност
- Четврта зона 9 % од просечната градежна вредност
- Петта зона 7 % од просечната градежна вредност
- Шеста зона 6 % од просечната градежна вредност

**3. Хотелски објекти и управни згради**

- Прва зона 62 % од просечната градежна вредност
- Втора зона 40 % од просечната градежна вредност
- Трета зона 32 % од просечната градежна вредност
- Четврта зона 29 % од просечната градежна вредност
- Петта зона 25 % од просечната градежна вредност
- Шеста зона 19 % од просечната градежна вредност

**4. Простор наменет за деловни објекти за трговска дејност**

(продавници, стоковни куќи, претставништва, кафеани, бифиња и на нив слични простори)

- Прва зона 64 % од просечната градежна вредност
- Втора зона 44 % од просечната градежна вредност
- Трета зона 33 % од просечната градежна вредност
- Четврта зона 29 % од просечната градежна вредност
- Петта зона 24 % од просечната градежна вредност
- Шеста зона 19 % од просечната градежна вредност

**5. Индустриски објекти, фабрички хали, складишта, ладилници, сервиси, работилници, магацински затворен простор, автобуски станици**

- Прва зона нема ваков вид објекти
- Втора зона 25 % од просечната градежна вредност
- Трета зона 15 % од просечната градежна вредност
- Четврта зона 13 % од просечната градежна вредност
- Петта зона 10 % од просечната градежна вредност
- Шеста зона 6 % од просечната градежна вредност

**6. Објекти на отворен простор (стоваришта, магацини и др.)**

Кај овие објекти висината на надоместокот се утврдува само на површината на отворениот простор. Висината на надоместокот изнесува

- Прва зона 30 % од просечната градежна вредност
- Втора зона 30 % од просечната градежна вредност
- Трета зона 5 % од просечната градежна вредност
- Четврта, Петта и Шеста зона 2% од просечната градежна вредност

Инвеститорите кои вршат пренамена на станбен во деловен простор ќе се задолжуваат со разлика на надоместок за уредување на градежно земјиште во зависност од намената на просторот и зоната во која се наоѓа објектот.

**Член 7**

Надлежниот орган по регулирање на обврската од член 6 на оваа одлука ќе може да му издаде одобрение за пренамена од станбен во деловен простор

**Член 8**

Инвеститорите кои што вршат надградба или доградба на постоечките објекти кои се изградени со издадено одобрение за градба во кои живееле или работеле најмалку 5 години пред донесувањето на оваа Одлука или поминале 5 години од денот на користењето на постоечките објекти, а се изградени во време кога не било задолжително прибавување на одобрение за градба се задолжуваат со надомест за уредување на градежно земјиште во висина од 35 % од утврдениот износ за таков вид објект од соодветната зона, согласно член 6 од Одлуката.

Инвеститорите кои со одобрение за градба се стекнале по донесувањето на оваа Одлука, надоместокот утврден со став 1 на овој член ќе го плаќаат само до колку надградбата или доградбата ја вршат најмалку 5 години по добивањето на одобрението за градба.

Инвеститорите кои ќе градат по основ на рушење на постоечкиот објект, а кој бил изграден со уредно одобрение за градба и во него живееле најмалку 5 години или пак објектот бил граден во време кога не било задолжително за градба да се прибавува одобрение, за делот што се руши, не учествуваат со трошоците за уредување на градежно земјиште. За зголемената површина на објектот, до колку до тоа дојде инвеститорот ќе учествува во трошоците за уредување на градежното земјиште согласно член 6 од оваа Одлука.

Инвеститорите кои вршат реконструкција на постоечките објекти, учествуваат во трошоците за уредување на градежното земјиште согласно став 3 на овој член.

**Член 9**

Инвеститорите на објектите од обласата - културата, здравството, спортот, комунални објекти од општествен интерес изградба на простор за работа на политичките партии (канцеларии) ќе бидат ослободени од трошоците за уредување на градежното земјиште под услов инвеститорот сам да го уреди градежното земјиште, инвеститорот за тоа потпишува посебен договор со надлежниот орган за комунален развој.

Одлуката од став 1 на овој член ја донесува Градоначалникот на Општината.

**Член 10**

За сите делови на објектот (површина) што не претставуваат станбен и деловен простор (балкони, лоѓии, настрешници, за подруми со и над 220 см. висина и гаражи, инвеститорот учествува во трошоците за уредување на градежното земјиште со 50 % од утврдениот износ со примена на член 6 односно член 7 од оваа Одлука и привремените технички прописи.

**Член 11**

За уредување на градежно земјиште на целиот или дел од УЕ со инвеститорите можно е да се склучи договор да самите инвеститори го уредат градежното земјиште, како и да партиципираат дел на средства како надомест за порано изградената инфраструктура на тоа подрачје.

Договорот од став 1 на овој член го потпишува Органот надлежен за комунален развој на општината.

**Член 12**

Ако надлежниот орган за комунален развој, оцени дека вкупните трошоци за уредување на градежното земјиште го надминува вкупното учество на инвеститорите определено по определбите на оваа Одлука ќе побара од инвеститорите согласност за нивно учество, до покривање на стварните трошоци за уредување на соодветниот простор. До колку инвеститорите не покажат согласност за нивно зголемено учество, надлежниот орган не ќе пристапи кон уредување на тоа земјиште.

**Член 13**

Меѓусебните обврски на инвеститорите и надлежниот орган за комунален развој, по добивањето на решението за додела на земјиштето, локацијата и ревидираниот проект се уредуваат со договор.

Ако при утврдувањето на условите за градба инвеститорот добие согласност за градба во фази трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметуваат за секоја фаза поодделно.

## Надомест за времено користење на уредено градежно земјиште

**Член 14**

За времено користење на уредено градежно земјиште се плаќа надоместок во зависност од зоната во која се наоѓа земјиштето, големината и видот на објектот.

Надоместокот од ставот 1 на овој член изнесува:

**1. ПРВА ЗОНА**

1.1. За поставување на фрижидер за сладолед, тезги, објекти во кои се изготвуваат разни видови на крофни, пециво, помфрит и на нив слични производи, покретни објекти (колички и сл.) се плаќа 5500 денари месечно.

1.2. За поставување на објекти кои остануваат во употреба во текот на 12 месеци, а чија големина изнесува најповеќе до 20 м2. се плаќа по 270 денари по м2.

1.3. За користење на градежно земјиште од 20 до 100 м2. се плаќа 150 денари по м2. месечно.

1.4. За користење на градежно земјиште од 100 до 500 м2. се плаќа по 100 денари месечно по м2.

1.5. За користење на градежно земјиште од 500 до 1000 м2. се плаќа 70 ден. по м2.

1.6. За користење на градежно земјиште за изградба на времени објекти за спорт и рекреација, а чија корисна површина (површина под објекти) надминува 1000 м2. се плаќа 150 денари по м2.

**2. ВТОРА ЗОНА**

2.1. За поставување на објекти опишани во точките 1.1. до 1.3.предвидениот надоместок за користење на градежно земјиштево втора зона се намалува за 20 % од утврдениот надомест од тие точки.

2.2. За користење на градежно земјиште од точка 1. 4 и 1.5.

2.3. За користење на градежно земјиште од точка 1.6. со иста или слична намена надоместокот во зависност од атрактивноста на локацијата надоместокот може да се намали до 20 %. Оправданоста на намалувањето ја утврдува Градоначалникот по предлог на надлежниот орган за комунален развој на општината.

3. Во трета зона утврдените надоместоци во точките 1.1. и 1.2. се намалува за 30 % за пак надоместоците во точките 1.3. до 1.5 се намалуваат за 40 %. Надоместокот за користење на градежно земјиште за намената од точката 1.6. може во зависност од атрактивноста на локалитетот да се намали до 30 % од оние утврдени во точка 1.6.. Одлуката за намалување ја донесува Градоначалникот по предлог на Службата за комунален развој на Општината.

4. Од четврта до шеста зона надоместоците од точките 1.4. до 1.6 се намалуваат и тоа:

4.1. Во четврта зона за 50 % од соодветно утврдениот во Прва зона.

4.2. Во петта и шеста зона за 65 % од соодветно утврдените во Прва зона.

**Член 15**

Сопствениците на угостителските објекти, кафичи, ресторани, кафетерии, сендвичари и на нив слични објекти од Првата зона кога користат наем вон утврдениот градежен објект, плаќаат надоместок за користење на просторот по 270 денари по столица месечно.

Сопствениците на објекти што работат на отворен простор и користат исклучиво маси на отворен простор плаќаат надоместок за користење на просторот во висина од 50 % од надоместокот наведен во став 1 на овој член.

Во втората зона, надоместокот од став 1 на овој член се намалува за 20 %.

Во третата зона надоместокот од ставот 1 на овој член се намалува за 30 %.

Во четвртата зона надоместокот од став 1 на овој член се намалува за 40 %.

Во петтата и шестата зона, надоместокот од став 1 на овој член се намалува за 60 %.

По исклучок од определбите на ставовите 2 - 5, предвидениот надоместок нема воопшто да се намали или нема да се соодветно намали, поради атрактивноста на локалитетот.

Одлука за надоместокот по определбите утврдени со став 6 на оваа Одлука, донесува Градоначалникот по предлог на надлежниот орган за комунален развој.

**Член 16**

Надоместокот за времено користење на земјоделско земјиште изнесува 30 % од катастарскиот доход на тоа земјиште.

**Член 17**

Времените објекти се утврдуваат со Одлука на Советот на единицата на локалната самоуправа.

Времените објекти по правило се поставуваат на уредено градежно земјиште.

**Член 18**

Со Одлуката од став 1 на член 17 се утврдува начинот на давање на користење на земјиштето на кое се поставуваат времените објекти.

Времениот објект го издава надлежниот орган на локалната самоуправа за комунален развој во согласност со Министерството за урбанизам, градежништо и заштита на човековата околина.

**Член 19**

Зоните за изградба на објекти се утврдени со програмата за уредување на градежното земјиште на град Охрид и туристичките населби за 1996 година што е објавена во („Сл. гласник на општината Охрид“).

**Член 20**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува важноста на Програмата за уредување на градежното земјиште на град Охрид и туристичките населби за 1996 година број 08-989 од 29.08.1996 година донесена од Собранието на општината Охрид во делот под „1“. Пресметка на трошоците за уредување на градежно земјиште.

**Член 21**

Со денот на влегувањето во сила на одредбите од оваа Одлука сите започнати, а не завршени договори за утврдување на трошоците за уредување на градежното земјиште и за користење на земјиште за времени објекти ќе се завршат согласно одредбите на оваа Одлука.